Организација на жените на Општина Велес

ул: „Алексо Демниевски – Бауман“ бр.7, 1400 Велес
email: rksozmveles@yahoo.com

**До**
**Министерство за култура и туризам**

**Предмет: БАРАЊЕ за изнаоѓање начини за подобрување на занаетчиството**

Почитувани,

Организацијата на жените на Општина Велес како доброволна, самостојна невладина организација реализира низа програмски активности насочени кон подобрување на општествената положба, животните услови и задоволувањето на основните човекови права на жените од подрачјето на општините Велес, Чашка, Градско и Лозово.

Во соработка со Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Скопје и неколку граѓански организации од Вардарскиот регион ние го основавме медиумот на заедницата Локал Актив Вардар, на кој објавуваме истражувачки стории за теми и прашања на локално ниво што ги засегнуваат граѓаните од овој регион. Една од објавените стории се однесува на занаетчиството, односно на измумирање на занаетите во Велешко.

Се обраќаме до Вас, со барање да преземете мерки што се во ваша надлежност за надминување на проблемот, и тоа преку третирање на старите занаети како културно наследство и нивно субвенционирање:

- донесување нов стратегиски документ за развој и негување на старите занаети во РСМ;
- идентификација и регистрација на старите занаети со културно – историска вредност во посебна база на податоци за стари занаети;
- воведување на програми на обука и изучување на старите занаети наменети за млади;
- обезбедување финансиска и институционална поддршка за одржување на старите занаети.

Искрено се надеваме дека ќе се вклучите во иницијатива за решавање на ова прашање и ќе се делува со предложени мерки и активности за надминување на проблемите на занаетчиството, кое е дел од нашето богатство.

Со почит,
Мирјана Трајкова (телефон 070 645 318)

Скенирано со CamScanner